SYMPOSION

П О К А Н А

ЗА УЧЕСТВО НА

ТРИДНЕВНА СТРУЧНА РАБОТИЛНИЦА

НОВИНИ ВО ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА И КЛУЧНИ АСПЕКТИ НА ВНАТРЕШНИТЕ ФИНАНСИСКИ КОНТРОЛИ, УПРАВУВАЊЕТО СО РИЗИЦИ И СТРАТЕШКОТО ПЛАНИРАЊЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

(2—5 АПРИЛ ВО ИСТАНБУЛ, ТУРЦИЈА)

ВО ФОКУСОТ НА ТРИДНЕВНАТА СТРУЧНА РАБОТИЛНИЦА

Главната цел на работилницата е преку **СТРУЧЕН И ИНТЕРАКТИВЕН ПРИСТАП**, преку обработка на **ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ** учесниците да стекнат јасна претстава за **НОВИТЕ БАРАЊА** согласно **МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ** за внатрешна контрола и **НАЦИОНАЛНАТА РЕГУЛАТИВА** во делот на воспоставување **ВНАТРЕШНИ ФИНАНСИСКИ КОНТРОЛИ, УПРАВУВАЊЕТО СО РИЗИЦИТЕ** и нивната поврзаност со **СТРАТЕШКОТО ПЛАНИРАЊЕ.**

ФОКУСОТ на работилницата ќе биде поставен врз следниве **ЦЕНТРАЛНИ ТЕМИ**:

- НОВИНИТЕ ВО ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ВО ОБЛАСТА НА ВНАТРЕШНИТЕ ФИНАНСИСКИ КОНТРОЛИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР
- КЛУЧНИТЕ АСПЕКТИ НА ВНАТРЕШНИТЕ ФИНАНСИСКИ КОНТРОЛИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР
- МЕЃУНАРОДНАТА РАМКА ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА
- ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА И НЕЈЗИНАТА ПОСТАВЕНОСТ ВО СИСТЕМОТ НА ВНАТРЕШНИ ФИНАНСИСКИ КОНТРОЛИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР
- ПРОЦЕСОТ НА ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕШКИ ПЛАН И ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА И НЕГОВАТА ПОВРЗАНОСТ СО ФИНАСИСКОТО РАБОТЕЊЕ, ВНАТРЕШНИТЕ КОНТРОЛИ И УПРАВУВАЊЕТО СО РИЗИЦИТЕ
- ЗНАЧАЈНОСТА НА УПРАВУВАЊЕТО СО РИЗИЦИ ВО ОСТВАРУВАЊЕТО НА МИСИЈАТА И ЦЕЛИТЕ НА ЈАВНИОТ СУБЈЕКТ

ВРЕМЕ И МЕСТО на реализација: тридневната програма ќе биде реализирана во **ИСТАНБУЛ**, Турција, во периодот **од 2 до 5 АПРИЛ 2025** ГОДИНА. Покрај централната положба во градот како работна средина и посетата на повеќе значајни градски точки на **МНОГУВЕКОВНОТО КУЛТУРНО И ДУХОВНО НАСЛЕДСТВО**, во овој период агендата се совпаѓа со познатиот градски празник, манифестацијата „**ФЕСТИВАЛ НА ЛАЛЕТО**“.

Подолу е претставена соодветната **РАБОТНА АГЕНДА** за тридневната стручна работилница, како и деталите за начинот на пријавување и заинтересираните групи.

Повеќе информации за детално разработената **ПРОГРАМА НА ПАТУВАЊЕТО**, која ги опфаќа сите аспекти на аранжманот и местата на посета во Истанбул, ќе бидат доставени до заинтересираните учесници кои ќе испратат **БАРАЊЕ** на нашата официјална електронска адреса info@simpozion.mk или на нашиот контакт број: **078 271 576**.

SYMPOSION

ЗАИНТЕРЕСИРАНИ УЧЕСНИЦИ

Главните **ЗАСЕГНАТИ ЛИЦА И ГРУПИ** кои имаат **ДИРЕКТЕН ИНТЕРЕС ЗА УЧЕСТВО** во оваа практична стручна работилница се **ВНАТРЕШНИТЕ РЕВИЗОРИ** од единиците за внатрешна ревизија, **ВРАБОТЕНИТЕ ОД СЕКТОРИТЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА, ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ЕДИНИЦИ ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ, СЕКТОРИТЕ ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ,** како и сите вработените од останатите организациони единици кај **ЈАВНИТЕ СУБЈЕКТИ** кои имаат потреба од надградба на своите знаења и во делот на системот на **ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА** во јавниот сектор бидејќи финансиското управување и контрола ги опфаќа **СИТЕ РАБОТНИ ПРОЦЕСИ** и **СИТЕ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ** кај јавните субјекти.

НАЧИН ЗА ПРИЈАВА НА УЧЕСТВО

Со оглед на ограниченоста на капацитетите и важноста на навременото оформување група, Симпозион ќе им даде **ПРЕДНОСТ НА ПРВОПРИЈАВЕНИТЕ УЧЕСНИЦИ**. За учесниците пријавени **ДО 13 МАРТ**, предвиден е **ПОПУСТ ОД 5%** на **ЦЕЛИОТ АРАНЖМАН И КОТИЗАЦИЈАТА ЗА УЧЕСТВО**. Котизацијата за работилницата изнесува 8.500,00 денари. Според тоа, за пријавите испратени **ДО 13 МАРТ,** цената за котизација **СО ПОПУСТ ОД 5%** изнесува **8.075,00 ДЕНАРИ**. За пријавени 3 и ПОВЕЌЕ ЛИЦА од иста институција следува **ДОПОЛНИТЕЛЕН ПОПУСТ ОД 5%.**

Котизацијата **ВКЛУЧУВА:** полно учество во работните сесии на тридневната стручна работилница, користење на конференциска сала, кафе-паузи со закуска, сертификат за учество, работен материјал од работните сесии, како и непосредна комуникација со предавачот за надминување на Вашите прашања и дилеми.

Заради **КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТИЛНИЦАТА** и **КОМФОРОТ НА НЕГОВИТЕ РАБОТНИ УСЛОВИ**, бројот на учесници е **ОГРАНИЧЕН**. Пријавувањето за учество на стручната работилница е отворено најдоцна **ДО 26 МАРТ** 2025 г. со пополнување и испраќање на **ПРИЈАВНИОТ ЛИСТ** на следната електронска адреса: info@simpozion.mk

За сите дополнителни прашања и потребни информации во врска со работилницата, слободно контактирајте нè на тел. **078 271 576** или на официјалната ел. адреса.

**Подолу е достапна целосната работна агенда на тридневната стручна работилница; наведени се и информациите за уплата на котизацијата и аранжманот.*

SYMPOSION

А Г Е Н Д А

НОВИНИ ВО ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА И КЛУЧНИ АСПЕКТИ НА ВНАТРЕШНИТЕ ФИНАНСИСКИ КОНТРОЛИ, УПРАВУВАЊЕТО СО РИЗИЦИ И СТРАТЕШКОТО ПЛАНИРАЊЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

ТРИДНЕВНА СТРУЧНА РАБОТИЛНИЦА

Прв ден
Среда, 2 април

17.00—18.30 Новини во законската регулатива и клучните аспекти на внатрешните финансиски контроли во јавниот сектор

Потреба од воспоставување на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор. Опфатот на финансиското управување и контрола. Цели на финансиското управување и контрола, клучни финансиски процеси и интерни акти за спроведување на финансиското управување и контрола. Раководна отчетност и делегирање на овластувања и одговорности. Одговорности на раководителите на организационите единици во јавните субјекти. Координација и развој на финансиското управување и контрола.

Втор ден
Четврток, 3 април

09.30—11.00 Меѓународната рамка за внатрешна контрола

Детална обработка на елементите на Меѓународната рамка за внатрешна контрола, односно контролна средина. Управување со ризик. Контролни активности. Информации и комуникација. Мониторинг и проценка.

11.00—11.45 Кафе пауза со закуска

11.45—13.15 Внатрешната ревизија и нејзината поставеност во системот на внатрешни финансиски контроли во јавниот сектор

Цел и опфат на работата на внатрешната ревизија. Независност и овластувања на внатрешните ревизори. Барања кои треба да ги исполнуваат внатрешните ревизори. Начин на вршење на работите на внатрешна ревизија. Унапредување на квалитетот на внатрешната ревизија. Одговорности и обврски на раководителот на единицата за внатрешна ревизија.

Трет ден
Петок, 4 април

09.30—11.00 Процес на подготовка на Стратешки план и Годишен план за работа

Осврт на клучните аспекти при подготовката на Стратешки план и Годишен план за работа, и неговата поврзаност со финансиското работење, внатрешните контроли и управувањето со ризиците.

11.00—11.15 Кратка пауза

SYMPOSION

11.15—12.15 Управување со ризици

Претставување на значајноста на управувањето со ризици во остварувањето на мисијата и целите на јавниот субјект. Обработка на методолошките аспекти во процесот на управување со ризици и начинот на негово документирање.

Предавач

Д-р Мите Митевски — експерт во областа на ЈАВНАТА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА, со 20-ГОДИШНО професионално и научно-истражувачко искуство во предметната област. Покрај многугодишниот ПРОФЕСИОНАЛЕН АНГАЖМАН, менторот на претстојната работилница активно работи во конкретниот домен и од НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ аспект. Како ДОКТОР НА НАУКИ од областа на ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ НАУКИ и УПРАВУВАЊЕТО (менаџмент) има објавено повеќе трудови во меѓународни списанија. Својата експертиза во областа на ЈАВНАТА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА и ПОГЛАВЈЕТО 32: ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА, а со тоа и ЕВРОИНТЕГРАТИВНИТЕ ПРОЦЕСИ, ја има претставено на повеќе семинари, конференции и обуки во земјата и во странство. Активен член е на IIA GLOBAL – СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (Здружение на внатрешните ревизори на Република Северна Македонија).

Податоци за пријавување и уплата

Информации за уплата на котизација за работилницата:

Примач: СИМПОЗИОН ДООЕЛ – Скопје
Адреса: ул. Франклин Рузвелт бр. 54/16, Скопје
Сметка бр. 210071635330103
НЛБ Тутунска Банка АД – Скопје
ЕДБ: МК4080016561868
Контакт тел. бр.: 078 271 576

Информации за уплата на аранжманот:

Примач: ТА ТРАВЕЛ ТУДЕЈ – Скопје
Адреса: ул. Народен фронт бр. 19а (ТЦ Б. Хилс), Скопје
Сметка бр. 210071635330297
НЛБ Тутунска Банка АД – Скопје
ЕДБ: МК4080016561868
Контакт тел. бр.: 076 30 62 62

Пријава за учество:

ПРИЈАВЕН ЛИСТ – учеството се потврдува со негово испраќање на: info@simpozion.mk
(последен рок за пријавување: **26 март** 2025 г.)